Бр. 02-691/17
2.9.2022 год.

Врз основа на член 136 од Законот за високото образование, („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/21), член 49 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии - докторски студии на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.530/2020), а по предлог на Совет на студиската програма, Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна –Скопје, на 20.та седница, одржана на 2.9.2022 година, **д о н е с е** :

О Д Л У К А
за формирање комисија за оцена на пријавена тема за изработка на докторска дисертација

1. Се формира Комисија за оцена на пријавена тема за изработка на докторска дисертација под наслов:„Влијание на внатрешни и надворешни фактори врз воведувањето на е-бизнис и е-маркетинг во агробизнисот", или на англиски јазик „Influence of internal and external factors on the introduction od e-business and e-marketing in agribusiness" од кандидат м-р Сања Стојоска со бр. на индекс 3, во состав:

Проф. д-р Марина Нацка, вонреден професор на ФЗНХ-Скопје, ментор,
Проф. д-р Драги Димитриевски, редовен професор на ФЗНХ-Скопје, член,
Проф. д-р Драган Ѓошевски, редовен професор на ФЗНХ-Скопје, член.

2. Комисијата за оцена на темата е должна **во рок од три месеци** од денот на поднесувањето на пријавата, односно по повторното поднесување по дорабoтката, да поднесе извештај до наставно-научниот, односно научниот совет и до советот на студиската програма, со предлог за прифаќање или неприфаќање на темата за изработка на докторската дисертација.
Должината на извештајот изнесува од 5 до 10 страници, формат А4, со единечен проред. Извештајот на комисијата за оцена на темата содржи:
- име на кандидатот и работен наслов на темата;
- образложување на темата, која треба да содржи:
  предмет на истражување,
  состојба на научното подрачје во кое се работи дисертацијата,
  цел на изработката на дисертацијата,
  очекуван научен придонес;
- доколку се очекува резултатот од истражувањето да биде практично применлив, треба тоа да се нагласи;
- заклучок со предлог до наставно-научниот, односно научниот совет и до советот на студиската програма;
- оригинални потписи на членовите на комисијата.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ТЕЛ: +389 2 3255100
ДЕКАН: +389 2 3238218
ФАКС: +389 2 3134310

PHONE: +389 2 3255100
DEAN: +389 2 3238218
FAX: +389 2 3134310

П.Фах 297 , 1000 Скопје, Република Северна Македонија P.O.Box 297, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
http://www.fznh.ukim.edu.mk

ПРИЛОГ:
- примерок од доставена пријава за изработка на докторска дисертација

ДОСТАВЕНО ДО:

-членовите на Комисијата

-Одделение за студентски прашања

-архивата

ДЕКАН

Проф. д-р Вјекослав Танасковиќ

Изработил: Х.Јакимовска

ТЕЛ: +389 2 3255100
ДЕКАН: +389 2 3238218
ФАКС: +389 2 3134310

PHONE: +389 2 3255100
DEAN: +389 2 3238218
FAX: +389 2 3134310

П.Фах 297 , 1000 Скопје, Република Северна Македонија P.O.Box 297, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
http://www.fznh.ukim.edu.mk